| | | | | 4 | Изработка на Проекти за други објекти на општина Гази Баба(физибили студија и идеен проект за топловодна мрежа за н.м.Ченто, Сингелиќ и Стајковци) | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 5 | Ревизија на проекти | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 6 | Проектна документација за фискултурна сала за н.м.Булачани | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 7 | Проектна документација за спортска сала за н.м.Цршево | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 8 | проектна документација за детска градинка Инџиково | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 9 | проектна документација за детска градинка Керамидница | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 10 | проектна документација за детска градинка Трубарево | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 11 | проектна документација за детска градинка Ченто | 500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 12 | проектна документација за спортски центар Цршево-Стајковци | 300.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 13 | елаборати за геомеханички истражувања | 1.500.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 14 | проекна документација за гасификација на урбаниот дел на Општина Гази Баба | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4829 20 | | **Изградба на други објекти** | 57.200.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | Изградба и промена на спортски игралишта со вештачка трева | 3.000.000,00 | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2 | **Изработка на игралишта со тартан подлога** ( од 13мм дебелина , 10мм дебелина лиена црна SBR гума и 3мм шприцена црвена EPDM гума, обележана со PU бела боја) | 5.000.000,00 | | | | | | | | |
| | | | 3 | Изградба на детско-забавни игралишта и поставување на урбана опрема и мини спортски игралишта на територија на ОГБ | 5.000.000,00 | | | | | | | | |
| | | | 4 | Изведба на градежно-занаетчиски работи за подобрување на условите во објекти сопственост на ОГБ ( месни заедници, училишта, градинки и други воспитно образовни објекти) | 2.000.000,00 | | | | | | | | |
| | | | 5 | Изградба на други објекти | 1.000.000,00 | | | | | | | | |
| | | | 6 | Изградба на спортски центар Црешево-Стајковци | 0,00 | 15.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 7 | Изградба на фискултурна сала во н.м.Стајковци- втора фаза плаќања | 7.000.000,00 | | | | | | | | |
| | | | 8 | изградба на монтажен паркинг во н.Автокоманда | 3.000.000,00 | | | | | | | | |
| | | | 9 | Вршење на стручен надзор над изградба на детска градинка во н.Керамидница | 500.000,00 | | | | | | | | |
| | | | 10 | Вршење на стручен надзор над изградба на вакуумска канализација во н.м.Јурумлери | 1.000.000,00 | | | | | | | | |
| | | | 11 | Вршење на стручен надзор над изградба и ревитализација на објекти од патна инфраструктура и објекти од високоградба , спортски детски игралишта, градежно занаетчиски работи | 2.000.000,00 | | | | | | | | |
| | | | 12 | Вршење на стручен надзор над изградба и ревитализација од хидротехнички инсталации | 2.000.000,00 | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 13 | Изградба на фискултурна сала н.м.Булачани | 10.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 14 | Изградба на потпорни ѕидови и плоча во должина од 100метри преку делумно уредување на каналот во село Сингелиќ ОГБ 2 фаза | 3.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 15 | Вршење стручен надзор над изградба на општинска зграда | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 16 | детска градинка- дневен центар за деца со телесна и ментална попреченост втора фаза | 1.700.000,00 | | | | | 6.150.000,00 | | |
| | | | | 17 | центар за сензорна интеграција | 0,00 | | | | | | | |
| | | | | 18 | Детска градинка Керамидница | 10.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 19 | Гасификација на територија на Општина Гази Баба | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4829 30 | | **Ревитализација** | 4.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | 1 | Ревитализација на детски забавни паркчиња , мини спортски игралишта и јавни површини | 4.000.000,00 | | | | | | | |
| | 485 | | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | | 2.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | 4854 | | **Не материјални трошоци откуп на земјиште** | | 2.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | 4854 10 | | Откуп на земјиште (експропријација) | 1.000.000,00 | | | | | | | |
| | | | | | надомест за одземен имот | 0,00 | | | | | | | |
| | | | 4854 20 | 1 | Надомест -обештетување на лица или правни субјекти, за ограничување на правото на сопственост при реализација на објекти од комунална и патна инфраструктура | 1.000.000,00 | | | | | | | |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-274/10**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27.01.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-425/9**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за Локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на единицата на локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.61/2004,96/2004,67/2007,156/09,47/11и 192/15, 209/18 и Службен весник на РСМ бр. 244/19, 53/21, 77/21 и 150/21) Советот на Општина Гази Баба на 7та седница одржана на 27.01.2022 година донесе :

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА**

**за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2022 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 492320 | Отплата на главнина на долгорочни позајмувања | 7.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **FA0** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРО** | | | | | |
| 482320 | Изградба на пречистителни станици и колектори | -7.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Ова одлука влегува во сила со денот на објавување на Службен Гласник на Општина Гази Баба и станува составен дел на Буџетот за 2022 година

Бр. 09-274/11
27.01.2022

Претседател на Советот на Општината
**Дијана Илиевска**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТИСТИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, КОИ СЕ ОДРЖУВААТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27.01.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-425/10**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16), член 22-а од Законот за спортот ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 98/19 и 244/19), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 27.01.2022 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТИСТИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, КОИ СЕ ОДРЖУВААТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Во Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/18 и 11/20), во член 4 ставот (2) се менува и гласи:

"Јавниот оглас за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, трае 15 дена, од 1 заклучно со 15 февруари за тековната година, а се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба."

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-274/12**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27.01.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-425/11**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, 101/19, 275/19 и 122/21), член 63 и член 65 од Законот за спортот ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 98/19, 52/19, 98/19 и 244/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 27.01.2022 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 1**

Во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/18 и 15/19), во членот 1 зборовите "детско игралиште" се бришат.

**Член 2**

Во членот 8 се додава нов став (3) кој гласи:

"(3) Градоначалникот на Општина Гази Баба има право да дава термини за користење на објекти за спорт без надомест, по барање од:

1) Владата и министерство;
2) Организатор на хуманитарен настан;
3) Спортски клуб, спортско здружение, спортист, друго правно лице од областа на спортот и организатор на спортска манифестација што се одржува во Општина Гази Баба;
4) Локалниот младинскиот совет на Општина Гази Баба;
5) Сојуз за училишен спорт на Општина Гази Баба; и
6) Советот на Општина Гази Баба или Синдикат на општинската администрација на Општина Гази Баба."

**Член 3**

Во членот 9 после зборот "настани" се додаваат зборовите "и се даваат во согласност со членот 12 од овој Правилник и Тарифникот за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба".

**Член 4**

Членот 10 се менува и гласи:

"(1) Користењето на објектите за спорт се објавува со јавен повик на веб-страницата на Општина Гази Баба.

(2) За датумот за објавување на јавниот повик по потреба и за објектите за спорт кои се објавуваат за користење одлучува Комисијата.

(3) Јавниот повик за користење на објектите за спорт е отворен и трае петнаесет дена од денот на неговото објавување на веб-страницата на Општина Гази Баба."

**Член 5**

Во членот 12 став (1) точката (1.5) се менува и гласи:

"(1.5) нотарска изјава дека не наплатува членарина, доколку се бара користење на објект за спорт без надомест;".

Точката (2.4) се менува и гласи:

"(2.4) нотарска изјава дека не наплатува членарина, доколку се бара користење на објект за спорт без надомест;".

**Член 6**

Во членот 18 став (2) втората реченица се брише.

**Член 7**

Во членот 21 по зборот "месец" се става запирка и се додаваат зборовите "во согласност со членот 12 од овој Правилник и Тарифникот за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба".

**Член 8**

Во членот 24 став (1) зборовите "и депонираните средства како гаранција за учество на Јавниот повик нема да бидат вратени" и ставот (3) се бришат.

**Член 9**

Во членот 25 став (1) зборот "години" се заменува со зборот "година".

После ставот (1) се додава нов став кој гласи:

"Договорите за корисниците од членот 30 на овој Правилник се солемнизираат на нотар."

Во ставот (2) кој станува став (3) после зборот "Корисникот" се додаваат зборовите "од членот 30 на овој Правилник".

Во ставот (3) кој станува став (4) после зборот "Корисникот" се додаваат зборовите "од членот 30 на овој Правилник".

**Член 10**

Во членот 30 став (3) после зборовите "определен од" се додаваат зборовите "градоначалникот на".

Во ставот (5) по зборот "Баба" се додаваат зборовите "со решение".

Во ставот (6) по зборот "Баба" се додаваат зборовите "со решение".

**Член 11**

Во членот 31 став (3) зборот "Комисија" се заменува со зборовите "Градоначалникот на Општина Гази Баба".

**Член 12**

Во членот 32 ставовите (1) и (2) се заменуваат со три нови ставови (1), (2) и (3) кои гласат:

"(1) Објектите за спорт ги одржува Јавното комунално претпријатие "Гази Баба 2007" - Скопје, доколку не е поинаку определено со овој Правилник.

(2) Објектите за спорт во општинските основни училишта ги одржуваат општинските основни училишта.

(3) Комисијата изготвува годишна Програма за одржување на објектите за спорт во сопственост на општина Гази Баба, со согласност на градоначалникот на Општина Гази Баба."

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

**Член 13**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-274/13**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27.01.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-425/12**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10, 135/11 и 55/16), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 27.01.2022 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС**

**Член 1**

Во Правилникот за финансирање на проекти за здруженија на граѓани и фондации од локален интерес (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.12/11 и 13/20), во член 3 ставот (2) се менува и гласи:

''Конкурсот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации трае 15 дена, од 1 заклучно со 15 февруари за тековната година, а се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.''

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-274/14**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27.01.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-425/13**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18. 101/19, 275/19 и 122/21), член 65 од Законот за спортот ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16, 52/19, 98/19 и 244/19), член 5 став (1) од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба (Службен гласник на Општина Гази Баба бр.12/18 и 15/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 27.01.2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Во Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/20) по членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

"(1) Објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба се од отворен тип и од затворен тип.

(2) Објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба од отворен тип се категоризираат како:

(2.1) Игралиште за мал фудбал;
(2.2) Игралиште за голем фудбал;
(2.3) Тениско игралиште; и
(2.4) Повеќенаменско игралиште.

(3) Објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба од затворен тип се категоризираат како:

(3.1) Спортска сала со трибина;
(3.2) Спортска сала без трибина; и
(3.3) Фискултурна сала."

### Член 2

Членот 4 се менува и гласи:

"Објекти за спорт во сопственост на Општина Гази Баба се:

(1) Тениско игралиште, на улица "Гемиџиска" број 57, населено место Железара, КП 458/1 и КП 459 КО Гази Баба, Имотен лист број 1021 КО Гази Баба, во Општинско основно училиште "Григор Прличев" - Скопје, во категорија "тениско игралиште",

(2) Помошно фудбалско игралиште со помошен објект, населено место Трубарево, КП 193 КО Трубарево, Имотен лист број 919 КО Трубарево, во категорија " игралиште за голем фудбал",

(3) Повеќенаменско игралиште, населено место Маџари 2, на улица "Петре Филиповски Гарката" бб - Скопје, КП 344 КО Маџари, Имотен лист број 2201 КО Маџари, во Општинско основно училиште "Наум Наумовски - Борче" - Скопје, во категорија "повеќенаменско игралиште",

(4) Спортска сала "Методија Андонов Ченто", населено место Маџари, на улица "Петре Филиповски Гарката" бб - Скопје, КП 209/3 КО Маџари, Имотен лист број 68714 КО Маџари, во Општинско основно училиште "Наум Наумовски - Борче" - Скопје, во категорија "игралиште за голем фудбал",

(5) Фискултурна сала, населено место Маџари, на улица "Петре Филиповски Гарката" бб - Скопје, КП 209/3 КО Маџари, Имотен лист број 68714 КО Маџари, во Општинско основно училиште "Наум Наумовски - Борче" - Скопје, во категорија "спортска сала без трибина",

(6) Спортска сала "Крсте Мисирков", на улица "Новопланирана станбена улица 2" бб, населено место Ченто, КП 3716/5 КО Сингелиќ, Имотен лист број 24871 КО Сингелиќ - 1, во Општинско основно училиште "Крсте Мисирков"- Скопје, во категорија "спортска сала со трибина",

(7) Фискултурна сала, на улица "Новопланирана станбена улица 2" бб, населено место Ченто, КП 3716/5 КО Сингелиќ, Имотен лист број 24871 КО Сингелиќ - 1, во Општинско основно училиште "Крсте Мисирков"- Скопје, во категорија "фискултурна сала",

(8) Фудбалско игралиште, на улица "Финска" број 1, населено место Маџари 2, КП 4875 КО Сингелиќ - 1, Имотен лист број 25850 КО Сингелиќ - 1, во категорија "повеќенаменско игралиште",

(9) Фудбалски стадион "Борис Трајковски", населено место Маџари 2, КП 4986 КО Сингелиќ - 1, Имотен лист на згради број 23392 КО Сингелиќ - 1 и Имотен лист на игралиште со трибина број 25833 КО Сингелиќ - 1, во категорија "игралиште за голем фудбал",

(10) Спортска сала "Стив Наумов", КП 1138/2 КО Гази Баба, Имотен лист број 47208 КО Гази Баба, во студентската населба "Стив Наумов" во Скопје, во категорија "спортска сала без трибини", и

(11) Спортска сала, КП 1702/1, КО Маџари, Имотен лист број 70232, во Општинското основно училиште "Вера Јоциќ" - Скопје, во категорија "спортска сала без трибина".

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-274/15**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Тарифникот за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27.01.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-425/14**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18, 101/19, 275/19 и 122/21), член 63 и член 65 од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/1652/19, 98/19 и 244/19), член 6 од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/18 и 15/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 27.01.2022 година, донесе

# Т А Р И Ф Н И К

## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

(1) Висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: објекти за спорт) се определува во денари/час.

(2) При утврдување на висината на надоместокот за користење на објектите за спорт, во предвид се земаат трошоците за комунални услуги (струја, вода, греење, ладење и слично), како и пазарните услови на подрачјето на кое е лоциран објектот за спорт.

### Член 2

Објектите за спорт, Општина Гази Баба ги дава на користење во согласност со Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба и Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба.

### Член 3

(1) Висината на надоместокот за користење на објек за спорт од отворен тип во сопственост на Општина Гази Баба во времетраење од еден час изнесува:

(1.1) Игралиште за мал фудбал - 300 денари,
(1.2) Игралиште за голем фудбал - 600 денари,
(1.3) Тениско игралиште - 300 денари, и
(1.4) Повеќенаменско игралиште - 150 денари.

(2) Висината на надоместокот за користење на објект за спорт од затворен тип во сопственост на Општина Гази Баба во времетраење од еден час изнесува:

(2.1) Спортска сала со трибина - 600 денари,
(2.2) Спортска сала без трибина - 600 денари, и
(2.3) Фискултурна сала - 400 денари.

**Член 4**

Со денот на влегувањето во сила на овој Тарифник престанува да важи Тарифникот за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.16/18).

**Член 5**

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-274/16**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА "ПЕРО НАКОВ", ОД РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА "МАЏАРИ" ДО УЛИЦА "ИНДУСТРИСКА 2" ВО СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за финансиско учество за реконструкција на улица "Перо Наков", од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2" во Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 27.01.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-425/15**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 14 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка ("Службен весник на РМ" бр.79/09) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Гази Баба за финансиско учество за реконструкција на улица "Перо Наков", од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2" во Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.1/22), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 27.01.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ ЗА ФИНАНСИСКО УЧЕСТВО ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦА "ПЕРО НАКОВ", ОД РАСКРСНИЦА СО УЛИЦА "МАЏАРИ" ДО УЛИЦА "ИНДУСТРИСКА 2" ВО СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за финансиско учество на Град Скопје за реконструкција на улица "Перо Наков", од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2" во Скопје.

**Член 2**

Проценетата вредност за реализација на реконструкцијата на улицата од членот 1 од оваа одлука, изнесува 51.000.000,00 денари со вклучен ДДВ.

Град Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со 51.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Средствата од став (1) и (2) од овој член, ќе се користат исклучиво за намената од членот 1 од оваа одлука, согласно прописите со кои се уредува изградбата на таков тип објекти.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гази Баба“.

**Број 09-274/17**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ГРАД СКОПЈЕ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27.01.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-425/16**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (15) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по Одлуката за предлагање претставник на Градот Скопје во управниот одбор на ЈУ за деца - детска градинка "Детска радост" Општина Гази Баба - Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.1/22), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 27.01.2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ГРАД СКОПЈЕ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**Член 1**

За претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, се именува:

**- МАРИЈА БОШКОВСКА.**

**Член 2**

Мандатот на именуваниот претставник во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука, трае 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.7/18).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-274/18**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ГРАД СКОПЈЕ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27.01.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-425/17**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (15) од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по Одлуката за предлагање претставник на Градот Скопје во управниот одбор на ЈУ за деца - детска градинка ''25 Мај'' Општина Гази Баба - Скопје (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.1/22), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 27.01.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД ГРАД СКОПЈЕ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

За претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, се именува:

**- БОЈАНА МИТЕВСКА.**

**Член 2**

Мандатот на именуваниот претставник во управниот одбор од член 1 на оваа одлука, трае 4 (четири) години од денот на конституирање на управниот одбор на установата.

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.7/18).

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-274/19**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА**
**СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ,**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И АВТОНОМНАТА ПРЕФЕКТУРА**
**ДАЛИ БАИ, ЈУНАН, НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА**

1. Се објавува Одлуката за соработка помеѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Автономната Префектура Дали Баи, Јунан, Народна Република Кина, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27.01.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-425/18**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 14 став (4) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 11 став (4) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Седмата седница одржана на 27.01.2022 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И АВТОНОМНАТА ПРЕФЕКТУРА ДАЛИ БАИ, ЈУНАН, НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се утврдува соработка помеѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Автономната Префектура Дали Баи, Јунан, Народна Република Кина.

(2) Општина Гази Баба - Скопје, Република Македонија и Автономната Префектура Дали Баи, Провинција Јунан, Народна Република Кина, ќе соработуваат во стопанството и трговијата, туризмот, образованието, социјалната и здравствената заштита, културата, спортот и други прашања од надлежност на локалната самоуправа, со цел унапредување на македонско - кинеските билатерални односи.

**Член 2**

(1) Соработката помеѓу Општина Гази Баба - Скопје, Република Македонија и Автономната Префектура Дали Баи, Провинција Јунан, Народна Република Кина ќе се уреди со Меморандум.

(2) Меморандумот за соработка во име на Општина Гази Баба ќе го склучи Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Средствата за финансирање на соработката помеѓу Општина Гази Баба - Скопје, Република Македонија и Автономната Префектура Дали Баи, Провинција Јунан, Народна Република Кина ќе се обезбедат во Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Примерок од одлуката да се достави до Министерство за локална самоуправа заради евидентирање на меѓуопштинската соработка, Автономната Префектура Дали Баи, Провинција Јунан, Народна Република Кина и секторот за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-274/20**
**од 27.01.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2022 година . . . . 2

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба за 2022 година . . . . 4

**ОДЛУКА** за утврдување на благајнички максимум за 2022 година . . . . 6

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт ЦС 10, Блок ЦС 10.02, Општина Гази Баба - Скопје . . . . 8

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на членови на управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . 14

**ОДЛУКА** за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . 16

**ОДЛУКА** за пренесување на сопственост на движна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . . 18

**ПРОГРАМА** за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година . . . . 20

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2022 година . . . . 35

**ПРАВИЛНИК** за изменување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба . . . . 37

**ПРАВИЛНИК** за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба . . . . 39

**ПРАВИЛНИК** за изменување на Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес . . . . 43

**ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба . . . . 45

**ТАРИФНИК** за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба . . . . 48

**ОДЛУКА** за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје за финансиско учество за реконструкција на улица "Перо Наков", од раскрсница со улица "Маџари" до улица "Индустриска 2" во Скопје . . . . 51

**ОДЛУКА** за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . 53

**ОДЛУКА** за именување на претставник од Град Скопје во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . 55

**ОДЛУКА** за соработка помеѓу Општина Гази Баба, Скопје, Република Македонија и Автономната Префектура Дали Баи, Јунан, Народна Република Кина . . . . 57


**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/22**
**7 седница**


Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци